УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ
СКОПЈЕ

Дел.бр. 02- 69/2 од 01.02 2021 година

Врз основа на член 20 став 1 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р. Македонија 110/2019), Деканот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**по барања за пристап до информации од јавен карактер**

Од барателот на информации [redacted] преку Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" - Скопје до Факултетот за физичко образование спорт и здравје во Скопје доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено кај имателот на информации под дел.бр. 03 – 69/1 од 29.1.2021 година.

1.Постапувајќи по Вашето барање под точка 1, по извршениот увид во службената евиденција, Ве известуваме дека на Факултетот 79 студенти се стекнале со диплома за завршени додипломски студии во 2020 година, од нив за 3 одбраната се спроведе онлајн;

2. Постапувајќи по Вашето барање под точка 2, по извршениот увид во службената евиденција, Ве известуваме на Факултетот 2 студенти се стекнале со диплома за завршени постдипломски студии во 2020 година, од нив за 1 одбраната се спроведе онлајн;

3. Постапувајќи по Вашето барање под точка 3, по извршениот увид во службената евиденција, Ве известуваме дека 5 студенти се стекнале со диплома за завршени докторски студии во 2020 година., од нив за 2 одбраната се спроведе онлајн.

Образложение

Барателот на информации [redacted] до Факултетот за физичко образование спорт и здравје во Скопје достави Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено кај имателот на информации под дел.бр. 03 – 1374/1 од 13.12.2019 година.

Постапувајќи по барањето, имателот на информации донесе решение како во диспозитивот.

Решението влегува во сила со донесувањето.

[redacted]

Правна поука: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на доставувањето.

ДЕКАН
Проф.д-р Ленче Алексовска Величковска

[redacted]

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку студенти од вашата институција се стекнаа со диплома за завршени додипломски студии во изминатата 2020 година? – Колку од нив одбраната ја спроведоа онлајн?
2. Колку студенти од вашата институција се стекнаа со диплома за завршени постдипломски (мастер) студии во изминатата 2020 година? - Колку од нив одбраната ја спроведоа онлајн?
3. Колку студенти од вашата институција се стекнаа со диплома за завршени докторски студии во изминатата 2020 година? - Колку од нив одбраната ја спроведоа онлајн?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- в) фотокопија
- г) електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- г) е-маил

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 21 јануари 2021 година

[redacted]

[redacted]

[redacted]

Почитуван,

Во прилог ви испраќам Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

[redacted]